**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „БОЛЕСТИ НА ОЧИ – ЗА ОПТОМЕТРИСТИ (ПРАКТИКУМ)” ОД Д-Р НЕВЕНКА ЛАБАН-ГУЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2002-112/9 од 139. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 5.5.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Милица Ивановска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- доц. д-р Зденка Стојановска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготувување на извештај (рецензија) на приложениот ракопис „БОЛЕСТИ НА ОЧИ – ЗА ОПТОМЕТРИСТИ (ПРАКТИКУМ)” од авторката доц. д-р Невенка Лабан-Гучева, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за ракописот***

Понудениот ракопис од доц. д-р Невенка Лабан-Гучева со наслов „Болести на очи - за оптометристи (практикум)“ е за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Практикумот е за предметот Болести на очи - за оптометристи, кој го изучуваат студентите од студиската програма Оптометрија и очна оптика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во шестиот семестар со неделен фонд на часови 2+1+1. Приложениот ракопис на доц. д-р Невенка Лабан-Гучева е во согласност со Предметната програма.

***Податоци за обемот ракописот***

Ракописот на доц. д-р Невенка Лабан-Гучева според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување рецензиран практикум во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во својата содржина на 46 страници, скриптата содржи 2 табели и 15 слики, со кои на студентите им се предочуваат и им се поедноставуваат предметните наставни единици. Станува збор, имено, за практикум што е изработен врз основа на специфична предметна програма од областа на офталмологијата составен од предметниот наставник доц. д-р Невенка Лабан-Гучева. Овој практикум по предметот Болести на очите за оптометристи од доц. д-р Невенка Лабан-Гучева се јавува како наставен прирачник што на студентите од Оптометрија и очна оптика во голема мера ќе им го олесни совладувањето на материјата за болестите на очите.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Ракописи со ист или сличен наслов досега не се објавени на македонски јазик, ниту пак на јазиците од регионот.

***Краток опис на содржината***

Практикумот изработен за студентите по оптометрија има за цел на едноставен, многу сликовит начин да им помогне во точното поставување на дијагнозата, препознавањето

на промените на очите, правилното советување на пациентите за нивното понатамошно лекување.

Во првиот дел посебно внимание е посветено на земањето анамнеза од болниот како еден од најважните делови во дијагностицирањето на болестите. Во овој дел детално е опишан начинот на прегледување на пациентот, најчестите промени кои се јавуваат на сите делови на окото, како и методите кои се користат во нивното дијагностицирање. Посебно место е посветено на функционалната дијагностика и описот на апаратите кои се користат за таа цел. Одејќи од капаците кон мрежницата, опишани се методите за преглед кои се специфични за секој дел на окото. На овој начин на студентите им станува едноставно по добро земената анамнеза која е детално опишана, направениот преглед на секој дел од окото за што постои едноставно објаснување, како и употребата на соодветните апарати за кои се правилно инструирани да постават точна дијагноза.

## ЗАКЛУЧОК

При презентирањето на материјата, авторката на овој труд применува современи начела и принципи, како методски, така и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, јасно и сосема прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја воспримат и да ја разберат суштината на предочената содржина за болестите на очите. Секако, таа е еднакво корисна и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото во нивната професија.

Од сето погоре предочено може да се заклучи дека практикумот со наслов „Болести на очите - за оптометристи“ од доц. д-р Невенка Лабан-Гучева ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран практикум. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронски практикум на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Милица Ивановска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Зденка Стојановска, доцент, с.р.**